**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403- 96/3**
**Скопје, 18.02.2008 година**

**ДО**

**ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА „23 АВГУСТ “ БЕРОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Општинска јавна установа за деца детска градинка (ОЈУ ДГ) „23 Август“ - Берово, Сметка на основен буџет (603) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката на основен буџет (603) на ОЈУ ДГ „23 Август“ - Берово, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Фимка Ковчегарска, директор до 25.01.2006 година и
- Ветка Постоловска, вршител на должноста директор од 26.01.2006 година и директор од 01.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 19.11 до 23.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;



***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.1.1. На позицијата природни богатства и други капитални вложувања и на позицијата Извори на капитални средства во Билансот на состојба за 2006 година е искажан износ 195 илјади денари како состојба на земјишта. За овие состојби од страна на надлежните во градинката нема обезбедено имотен лист што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Од тие причини ревизијата се воздржува од давање мислење за реалноста на оваа позиција во Билансот на состојбата. Непочитувањето на законските прописи придонесува за изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице во рамките на своите надлежности да преземе мерки за обезбедување на имотни листи за земјиштето од надлежниот орган за премер и катастер во општина Берово.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на основен буџет (603) на ОЈУ ДГ „23 Август“ – Берово на ден 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај сметката на основен буџет (603) на ОЈУ ДГ „23 Август“ – Берово, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОЈУ ДГ „ 23 АВГУСТ“ БЕРОВО**
**СМЕТКА НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ (603)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 10,388 | 10,202 |
| **Вкупно приходи** | | **10,388** | **10,202** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 10,362 | 10,193 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 9 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2 | 26 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10,388** | **10,202** |
| **Вкупно расходи** | | **10,388** | **10,202** |

**ОЈУ ДГ „ 23 АВГУСТ“ БЕРОВО**
**СМЕТКА НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ (603)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1 | 787 | 741 |
| **Вкупно тековни средства** | | **787** | **741** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Природни богатства | 4.2.1. | 195 | 195 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 25,658 | 25,449 |
| **Вкупно капитални средства** | | **25,853** | **25,644** |
| **Вкупна актива** | | **26,640** | **26,385** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.1. | 787 | 741 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **787** | **741** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 25,853 | 25,644 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **25,853** | **25,644** |
| **Вкупна пасива** | | **26,640** | **26,385** |

**ОЈУ ДГ „ 23 АВГУСТ“ БЕРОВО**
**СМЕТКА НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ (603)**
**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **36,785** | **36,785** |
| **Зголемување по основ на:** | **570** | **570** |
| Набавки | 570 | 570 |
| **Намалување по основ на:** | **11,502** | **11,502** |
| Отпис на капитални средства | 11,141 | 11,141 |
| Амортизација | 361 | 361 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **25,853** | **25,853** |